**20090581001**

## ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 20 став 4 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008 и 6/2009), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 22.04.2009 година, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ, ПОСТАПКАТА И ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНА СПРЕЧЕНОСТ ЗА РАБОТА ПОРАДИ БОЛЕСТ И ПОВРЕДА ИЛИ ПОТРЕБА ЗА НЕГА НА БОЛЕН ЧЛЕН ОД ПОТЕСНОТО СЕМЕЈСТВО И ЗА ВРЕМЕТРАЕЊЕТО НА ПРИВРЕМЕНАТА СПРЕЧЕНОСТ ЗА РАБОТА ВО ЗАВИСНОСТ ОД ВИДОТ НА БОЛЕСТА И ПОВРЕДАТА

Член 1

Во Правилникот за начинот, постапката и поблиските критериуми за утврдување на привремена спреченост за работа поради болест и повреда или потреба за нега на болен член од потесното семејство и за времетраењето на привремената спреченост за работа во зависност од видот на болеста и повредата („Службен весник на Република Македонија“ број 30/2006 и 22/2009), во членот 10 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

На критериумите од ставот 1 од овој член должни се да се придржуваат и лекарите специјалисти и субспецијалисти при изготвувањето на наодите и мислењата за здравствената состојба на осигуреното лице и упатствата за натамошно лекување, што ги доставуваат до избраните лекари.

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Број 02 – 7457/5
22 април 2009 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Фисник Ибраими**, с.р.